РАБОТИЛНИЦА

# Вовед во добросостојба на работа

## Што бара среќата на вработените во финансиските извештаи на компаниите?

Ана Костовска, Центар за системски развој - ЦСР СОНИК

**Апстракт:**

Ако среќните вработени се значително поангажирани, а индексот на ангажираност на вработените во компаниите во Европа е само 13%, тогаш зошто ова прашање најчесто не е приоритет во компаниите исто како што е финансискиот менаџмент или оперативната ефикасност?

Кога среќата се дефинира како „радоста што луѓето ја чувствуваат додека се движат кон остварување на сопствениот потенцијал“, а во најголем дел од случаите потенцијалот луѓето го развиваат и остваруваат на работа, станува очигледна потребата компаниите да инвестираат во среќни вработени и нивната добросостојба. Оваа работилница има за цел да им даде учесниците вовед во знаењето, вештините и практичните алатки кои можат да се користат за остварување на потенцијалот на вработените и негово користење кај работодавачот, на задоволство и бенефит и на вработените и на сопствениците или акционерите во компаниите.

Најголем дел од содржината и методологијата на работа се базираат на истражувања кои произлегуваат од работата на полето на позитивна, организациска и клиничка психологија, економија, педагогија, невронаука, инженерство, трансформациско лидерство, како и на работата на истражувачи и научници како што се Мартин Селиџман, Роберт Гринлиф, Даниел Голман, Ерик Берн, Пол Зак, Бил Барнет, Дејв Еванс, Шон Ејкор, Анџела Дакворт, Брус Феилер, Стив Иларди, Џадсон Бруер и многу други.

Работилницата вклучува интерактивна работа и практични вежби со цел да се обезбеди трансфер на знаење и долгорочно користење на наученото.

*Клучни зборови: добросостојба, ангажираност на вработени, среќни вработени*